СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седумдесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 мај 1994 година

Скопје, мај 1994 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД 75-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ,ОДРЖАНА НА 10 МАЈ 1994 г.**


1. АНАСТАСОВСКИ МИТОКО - 17, 18
2. АБДИ ФАИК - 19
3. БОШКОВ ЈОРДАН - 20
4. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКДАНДАР - 43
5. ДИМОВСКА ДОСТА - 22, 25
6. ПЕТРОВ ТОДОР - 8, 34
7. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 15, 17, 26
8. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 22, 33, 44
9. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 38, 39
10. СТАНКОВСКИ РИСТО - 36
11. СПИРОВСКИ АЦО - 25
12. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 41
13. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 12, 41
14. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 28

Дневен ред на стр.14
точка 1 на стр.27
точка 2 на стр.27-33


седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 мај 1994 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, со почеток во 14,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам Службите да ги повикаат сите пратеници да влезат во салата и да си седат на своите места.

Имаме некои предлози кои треба да ги разгледаме на дневен ред, а за тоа е присуство на некои министри, па порачавме да дојдат. Ќе причекаме уште малку со отворањето додека дојдат.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Седумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Панче Насев ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваа мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

За седницата поканети се: претседателот на Република Македонија, г-дин Киро Глигоров, потоа претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичката изборна комисија.

По барање на Владата на РМ ја свикав оваа седница на која треба да го разгледаме и донесеме Предлогот на законот за попис на иасел4ението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во 1994 година.

Ве известувам дека се пристигнати одредени барања за дополнување на дневниот ред за оваа седница, кои се доставени, односно поделени. Со оглед на начинот на свикувањето и карактерот на оваа седница, Ве молам да не го дополнуваме дневниот ред со други прашања освен со **2.** Предлогот за избор на судии на Уставниот суд на РМ, со оглед на рокот од Уставниот закон за избор на судии на Уставниот суд, со **3**. Предлогот за разрешување и именување генерален директор на Радиодифузното претпријатие Македонска радио телевизија и со **4.** Предлогот за автентично толкување на членот 18 од Законот за данокот на промет на производи и услуги и членот од Службен весник на Република Македонија број 34/92 и на членот 31 од Законот за персоналниот данок од доход, Службен весник на РМ, број 80/93.

Кој е за овој предлог, молам, да крене рака?

61 пратеник гласаше за.

Дали е некој против? (26)

Дали некој се воздржува од гласање? (5)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Со оглед на карактерот на прашањата што се на дневен ред на оваа седница, предлагам на оваа седница да не се поставуваат пратенички прашања.

Кој е за овој предлог, ве молам, да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали е некој против ? (38)

Дали некој се воздржува од гласаше? (никој)

Констатирам дека овој предлог е усвоен.

За збор се јави г-динот Флоровски процедурално.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Се сомневаме како пратеничка група во исходот од гласањето и еве има поддршка од 10 пратеници и барам, поединечно да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да видиме дали има поддршка од 10 пратеници.

Значи, има поддршка од 10 пратеници.

Го молам секретарот да спроведе поединечно гласање.

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | за |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | против |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | за |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | против |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | против |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | против |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | против |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | за |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | против |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | против |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | против |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | против |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | против |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | за |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | за |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | против |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | против |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | за |
| 28. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ | за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | за |

I/5.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | за |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | за |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | - |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | за |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | за |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | за |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | против |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | против |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | за |
| 44. ТАШКО КИРОВ | против |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | против |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | против |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | за |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | против |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | за |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | - |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | против |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | против |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | не е тука |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 56. ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | за |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | за |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | за |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСГИ | против |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | против |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | за |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | против |

I/6.-

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | за |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 69. СИМОН НАУМО.СКИ | за |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | за |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | против |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | против |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | против |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | воздржан |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | за |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | за |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | за |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | за |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | за |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | за |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | воздржан |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | за |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | за |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | против |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | за |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | против |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | за |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 97. НИКОЛА СТОЈА.КОВСКИ | за |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | против |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | против |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | против |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | против |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | за |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | против |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | против |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | за |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | против |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | за |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | за |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | за |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | за |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | против |

(Се пребројуваат гласовите)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласале 106 пратеници,

За, гласале 67 пратеници.

Против,гласале 37 пратеници.

Се воздржале од гласање 2 пратеници.

Констатирам дека овој Предлог е усвоен.

Ве известувам дека во меѓувреме пратеникот Тодор Петров предложи на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за сметководството.

Предлогот на законот за изменување на Законот за сметководството Ви е поделен.

Го молам предлагачот на Предлогот на законот да ја образложи основната и неодложната потреба од итно донесување на овој Закон.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Почитувани пратеници итна е и неодложна потребата од донесување на овој закон за изменување на Законот за сметководството, особено ако се имаат во предвид последиците од неговото недонесување по една многу сложена материја што директно погодува категорија од околу 50 илјади сметководители во РМ и катастрофалните последици од пропуштањето на можноста Собранието, како законодавен дом да реагира со соодветните изменувања што се нудат во овој закон за санирање на евентуалните штети што ќе ги предизвика брзоплетоста од примената на одделни законски овластувања на субјекти, без соодветно утврдени јавни овластувања.

Можеби актуелноста од итноста на донесувањето на овој закон немаше да се наметна во поизострена форма ако се има предвид дека е во тек 74-та седница, незавршена, со околу 80 точки, прашање кога истата ќе заврши, и дали воопшто би се свикала некоја друга седница до крајот на пратеничкиот мандат во овој состав на Собранието.

Имајќи предвид дека наредната седница е прашање кога и дали воопшто ќе се одржи, а периодот што следи е периодот на предизборни активности, многу што и нема овој Парламент што да одлучува, сметам дека е неодложна и итна потребата сврзана со законските рокови од примената на одделни законски решенија во Законот за сметководството пред се од почнување со примената на член 12 од Законот за сметководството од 1 јануари 1995 година.

Собранието на РМ на седницата одржана на 1 јули 199 3 година го донесе Законот за сметководството. Значењето на водењето на сметководството несомнено е од огромно значење ако се има предвид целта дека субјектите водат сметководство, составуваат и поднесуваат сметководствени искази во согласност со овој закон и прифатените

сметководствени принципи, сметководствено прифатената практика и изградените сметководствени стандарди, а заради вистинито и чесно прикажување на состојбата на средствата, обврските, капиталот и резултатите од работењето. Субјектите, со законот за сметководството се должни да водат деловни евиденции што преку еднообразно пропишани евиденции обезбедуваат искажување и согледување за состојбата и за движењето на средствата, капиталот, обврските, приходите, расходите и резултатите од работењето на субјектите и неговата распределба.

Тоа има уште поголемо значење за утврдувањето на даночната основица кај даночните обврзници, што е основен предуслов за собирање на даноците и придонесите во фондовската и буџетската потрошувачка.

Сето ова дава посебна димензија и значење на сметководството како сложена и одговорна задача.

Со членот 12 од Законот за сметководство се прифати определбата водењето на деловните евиденции субјектите да го доверуваат на стручни лица овластени сметководители и ревизори внатре или надвор од субјектите. Со тоа, стручните лица овластените сметководители добиваат законска одговорност за исправноста на евиденцијата и за реалноста на податоците и нивно презентирање пред институциите за контрола и ревизија, управата за јавни приходи, даночните контролори и овластените ревизори.

Работата околу водењето на регистарот на овластените сметководители и ревизори, определувањето на условите и критериумите за стекнување звање овластен сметководител и ревизор, издавање и одземање на сертификати на овластен сметководител и ревизор со членот 12 од Законот за сметководство е пренесено на стручната организација на сметководителите и финансиери и ревизори, а

според членот 87 од истиот закон членот 12 треба да се применува од 1 јануари 1995 година. Тоа значи дека до отпочнувањето на примената на одредбата на членот 12 останувaат уште 6 месеци. Можеби прашањето нема да предизвика поголеми дилеми ако се знае дека на полето на утврдувањето на критериумите и условите за стекнување звање овластен сметководител и ревизор не е направено скоро ништо и што во Македонија има повеќе такви сојузи со статус здруженија на граѓани. Бидејќи не станува збор за право на пренесено јавно овластување во единствено коморско здружение што ќе функционира по принципот како што функционира адвокатската комора чии ингеренции се утврдени со закон.

Инсистирањето на законот , сметководството да го води стручно лице е правилно, бидејќи со тоа се создаваат услови за унапредување на сметководството. Прашањето уште е посериозно ако се има предвид дека во Македонија во областа на сметководството има вработено околу 8% од вкупниот број вработени лица, односно околу 50 илјади лица. Прашањето на оценката на стручноста на овие лица кои го водат сметководството има повеќе димензии: стручни, политички, социјални, морални димензии.

Стручната димензија на ова прашање е дали треба да се врши проверка и верификација на стекнато стручно образование во училиштата, вишите школи, факултетите и постдипломските студии? или поконкретно отворено се наметнува прашањето кој може да врши проверка на стекнатa стручност на некој кој завршил факултет или постдипломски студии и дали таквата проверка на стручноста се врши за сите останати професии?

Социјалните димензии на прашањево се дека лице кое завршило факултет или постдипломски студии или лице кое работи на задачи во областа на сметководството кај правните лица ако не го положи испитот што треба да се организира до крајот на оваа календарска година треба

да остане без работа и не може да работи во сметководството и финансиите на територијата на Македонија. Тоа лице веднаш станува социјален случај ако се има предвид дека таквата бројка изнесува околу 50 илјади сметководители работници во Македонија, потенцијално се загрозени сите сметководители во Републикава.

Ако овие лица до крајот ан годината ги доведеме во ситуација да седнат да полагаат испити заради добивање потребни сертификати како лиценцно право за работа во областа на сметководството, со неизвесност е дали ќе ги положат испитите и ја доведуваме сериозно во прашање нивната егзистенција и социјалните тензии. Ако се има предвид дека сметководствената работа е многу сложена и тешка, а истата со успех ја извршуваат постојните сметководствени и финансиски работници, нема потреба од законска девалвација на овие луѓе затоа што ефектите ќе бидат повеќе негативни отколку позитивни.

Затоа, со предлогот на законов се нуди решение ова прашање да се одложи до крајот на 1995 година, за да може Владата уште еднаш да го согледа со поголема потребна аналитика и евентуално се реализира тоа полагање, но преку Министерството за финансии а не преку некакви стручни организации. Исто, како што се практикува со полагањето на правосудниот испит кај државна комисија во надлежност на ресорното министерство за правосудство.

Ризично е во рацете на само една од повеќето регистрирани стручни организации да се стави судбината на 50 илјади сметководители- финансиски работници а да не се постави прашањето истата да се претвори во тезга за продавање на сертификати како лиценцно право за работа во сметководствата. Такви случаи имаме во практиката. Во соседна Србија од каде е преземен овој концепт една од најактуелните афери што ја потресува државата е продажбата на сертификати од страна на надлежниот сојуз како лиценцно право за работа. Дали тоа треба да се случи и кај нас? Веќе струјата вести дека

оној кој нема да ги посетува советувањата на Сојузот нема да добие сертификат за работа. Застрашувачки е што една таква организација треба до крајот на годината да организира испити дневно за околу 600 лица, под претпоставка да се изготвени критериумите за полагаше испити во областа на сметководството.-

Од тие причини примената на членот 12 предлагам со пред- логот за изменување на законот да се одложи до крајот на 1995 година за да можат навреме да се преземат сите потребни мерки и активности за уредување на ова прашање со соодветни критериуми, пропишани услови и постапка на комисиско полагање, меѓутоа пред евентуално надлежна комисија формирана од страна на Министерството за финансии со стручни компетентни лица.-

Имајќи предвид дека можеби Собранието не ќе се состане за да интервенира по ова прашање сврзано законски со рокови, му предлагам на Собранието по итна постапка да го усвои овој закон за дневен ред на оваа 75-та седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам претставникот на Владата да даде мислење.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, кога Владата ги предложи законите од областа на финансиската проблематика, даноците, финансиската администрација на Парламентот кажавме дека правиме крупни реформи во оваа област и дека тие реформи се во склад со тоа што се определби на ова Собрание. При тоа кажавме, исто така, дека овие закони добро е да се донесат, да почне нивната примена и во практиката, во наредниот период, сигурно ќе се согледаат слабостите во законите и Владата е должна веднаш да ги доочи сите недостатоци и слабости и да предложи измени на овие закони.

Не само овој закон за сметководството туку и другите закони од областа на даноците веќе се воочени недостатоци и Владата и Министерството за финансии работат на тоа да ги согледа сите тие проблеми и на Собранието да предложи соодветни измени и дополнувања.

Денешниов предлог законот да се измени по итна постапка мислам дека нема потреба да се прифати од причина што токму знаејќи ги проблемите што ќе се јават во областа на сметководството и примената на одредбите на овој закон, неслучајно во преодните и завршни одредби е предвидено тие одредби, токму членот 12 ставот 3 итн. .да почнуваат со примена од 1.1.1995 година.

Мислам, независно од судбината и текот на 74-та седница на Собранието, дека сепак има време да не се брза затоа што до крајот на оваа година сепак ќе има можност евентуално да се интервенира, до колку до тогаш не се остварат претпоставките предвидени во законот за сметководството, Министерството за финансии да обезбеди да нема последици што ги опиша господинот Тодор Петров кај сметководителите. инаку, што се однесува до овластувањата на стручните организации во иднина да бидат тие. што ќе даваат такви дозволи, нормално под надзор на Министерството за финансии, таму исто така е предвидено да се пријават во Министерството за финансии и да се води регистар за сите овластени сметководители, не е само пракса на таа земја туку во целиот свет. Книговодствените стандарди што претстојат да се донесат, сметководствените стандарди , според нив ќе биде голема улогата на тој Сојуз на сметководителите.

Во таа смисла, во овој Предлог е опфатени и Предлогот за измена на казнените одредби во овој закон. Точно дека треба да се усогласат но казнените одредби не треба да се усогласат само во овој закон туку во многубројни други закони. Владата тоа го прави сукцесивно, ги усогласува казнените одредби во специјалните закони со Законот за

прекршоците каде се предвидени казните и тоа во наредниот период ќе се прави.

Не е прифатливо и не мислиме дека е итно прашањето на простото и двојното книговодство да развиваме дека е толку итно. Сметаме дека простото книговодство е во корист на оние кои не се во состојба да водат двојно книговодство. Попрактично е за даночните обврзници.

Овие прашања се дискутабилни, меѓутоа не се од итен карактер.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на оваа седница овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака. (35 пратеници)

Констатирам дека за Предлогот гласаа 35 пратеници и не е усвоен Предлогот на пратеникот Тодор Петров на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за измена на Законот за сметководството.

Според тоа, за денешнава седница го предлагам следниот **дневен ред.**

1. Предлог за верификација на мандатот на пратеникот во Собранието на РМ Зоре Темелковски.

3. Предлог на закон за попис на населението, домаќинствата становите и земјоделските стопанства во 1994 година.

4. Избор на судии на Уставниот суд на РМ.

5. Предлог на одлука за разрешување и именување генерален директор на Радиодифузното претпријатие Македонска радио телевизија.

2. Предлог на автентично толкување на член 18 од Законот за данок на промет на производи и услуги и на член 31 од Законот за персоналниот данок од доход.

II/8

Господинот Стефковски бара деловничка интервенција.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници излегов да укажам на една деловничка недоследност во почетокот на 7 5-та седница

Имено, се работи за следното, познато е дека со решението за свикување на 75-та седница, свикувањето е засновано врз членот 97 став 3 од Деловникот за работа на Собранието. Тоа значи во рокови покуси од 15 дена.

Меѓутоа, ВМРО-ДПМНЕ како пратеничка група поднесе барање, исто повикувајќи се на членот 97 став 3 за дополнување на дневниот ред во врска со Информацијата за состојбите со вештачки наметнатиот спор од Република Грција.

Сакам да укажам дека на 7 4-та седница од 29 април, министерот во Владата даде согласност дека на наредната седница Владата ќе подготви таква информација и ќе ја даде на Парламентот. Минаа 40 дена. Оттука, оценивме дека е корисно на 7 5-та седница да се поднесе барање бидејќи 40 денови е доволен рок Владата да подготви информација.

Кога на почетокот реков дека има една деловничка недоследност реков од аспект што не се спомна нашиот предлог уредно доставен до претседателот на Собранието. Ако имаме едно деловничко однесување од нашата пратеничка група, неделовничкото однесување во случајов се темели на фактот дека дневниот ред за оваа седница е дополнет со точки што не стојат во решението за свикувањето на 7 5-та седница. Дури ни предлагачите што бараат да влезат точките во дневниот ред не се повикуваат на итноста на точките за избор на судија на Уставниот суд, за избор на директор на Радио-телевизијата и сл. поготово ако се знае дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се обрати и до претседателот и на Комисијата за изборите и именувањата и до претседателот на

Собранието, укажувајќи на потребата да се направи еден претходен договор директорот на Македонската радио телевизија да биде една општо прифатлива личност за цела Република, без политичка обоеност. Меѓутоа и тоа не се уважи.

Оттука сметам ако сакаме да го почитуваме Деловникот, дека со решението за свикуваше на 75-та седница всушност е утврден дневниот ред само со две точки, бидејќи членот 97 став 3 не дозволува да се дополнува дневниот ред ако веќе во решението за итност, бидејќи имаме итна седница не дозволува дополнување на дневниот ред на самата седница.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:** (Продолжение)

Оттука, сметам дека имаме и повреда на Деловникот и деловничка недоследност. 75-та седница треба да биде само со две точки и третата тоа се пратенички прашања. Никој не може да ги лиши пратениците да поставуваат прашања и да се информираат за многу состојби од претставниците на Владата кои се тука присутни. По се изгледа дека основната цел е, на денешнава седница, да се доенсе законот за попис на населението и да се констатира дека законот за попис е донесен на 75-та седница, која е завршена. Мислам дека таквиот став е непотребен, бидејќи со пратеничките прашања се ускратува и едно право на пратеникот да поставува прашања до претставниците на Владата, а тоа е можноста и да се врши одредена контрола над нивната работа.

Оттука, сметам дека 75-та седница треба да биде само со две точки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Меѓутоа, сите прашања што ги покрена господинот Стефковски веќе се регулирани и во претходните одлуки на Собранието на оваа седница, бидејќи по сите тие прашања се гласаше, Собранието гласаше и изгласа.

Има збор господинот Митко Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Бевме парламент, а не сме ништо. Крајот нека ни е добар. Видете, денес требаше да стане верификацијата на господинот нов пратеник и да се продолжи седницата не со овие точки, затоа што јас сметам дека ова не се толку итни точки што се сега во дневниот ред.

III/2.-

Ве молам, дали сте сигурни дали ќе бидете пратеници, но со такви игри, ако се вратиме на првата година кога дојдовме во овој парламент, ќе видите дека тоа што го реков сето се исполнува полека.

Сега, зошто под итно да решаваме за Радио-телевизијата. Итно да ставиме директор на Радио-телевизијата, синки утре си одиме сите или не знам кај ќе бегаме, телевизијата треба веднаш да има директор. Па ние без закони работиме како пратеници и како држава 4 години. Четири години работиме без закони и незаконски сме внатре. како сега тоа? Ве молам, кога се прави нешто, кога се пишува нешто, кога се кажува нешто треба добро да се размисли и сега народот што не гледа и слуша надвор си мисли: паметни ли се тие луѓе, мајката, не донеле ниту еден закон почнувајќи од грбот, дојдовме до изборите и ги прескокнавме сите закони, а сега, брзо брзо да ставиме директор на телевизијата. Дали има потреба? Секој паметен човек ќе рече дека не е потребно под итно да се стави директор, а има толку работи да решиме!.

Зошто гласав против ова, малку да се надоврзам зошто гласав против за да некој не ми се луги. Не сакам да ми се лутите. Ние сме пратеници прво на Македонското Собрание, но сепак ние кореспондираме и имаме работа со народ во изборната единица каде што сме избрани и од пошироки рамки. Неколку време помина, пратенички прашања не се поставуваат во Парламентот. Народот не прашува, народот бара, народот оди пред Собранието, ние тие прашања не сме ги поставиле, а решаваме нешто што не треба. Затоа гласав против и барав да се стави во дневниот ред и таа точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ама сега е доцна за образложување.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Знам, господине претседателе, ама денес е доцна, утре е доцна, друг ден е доцна, доцна, доцна и доцна и си отидовме сите. Што

направивме ние? Собранието не го прави ни еден човек, ни 5 луѓе ни 10 луѓе, Собранието го прават 120 души на ова тело. Мене денес ме чуди, машала, Собранието наеднаш порасна. Како може? Денес сме 106 души, а не можеме да собереме 41 човек. Значи, обмислени работи, игри, ако памтите убаво кога кажав "штрака, штрака" тие играчките, да престанат. Како може денес да имаме 106 луѓе? Некому му гори значи. На кого му гори? На тој што треба да биде директор? На тој што треба да биде судија? Значи ние не сме потребни во тој случај. нека си одат, нека си ги фаќаат местата и што не прашуваат нас. Или па некои треба логично малку да ги гледаме работите. Што е тоа господин Фаик да гласа за некои, да ми извиниш. Или Митко, или Трајко или Петко . Поставете си ги луѓето, ние ќе станеме и ќе си одиме надвор, ќе седиме и нека прават услуги на народот. Ве молам, го имам дневниот ред од таа седница со илјада точки. Илјада точки има, а не сме решиле ни две точки од тој дневен ред (пратеникот Александар Флоровски ракоплеска). Не сакам, Алексо ракоплескање, не сакам пиле, те жалам тебе затоа што твојата судбина - јас знам кај сме ние и кај газиме и повеќе млади од тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, доаѓајте на говорница само со јасна цел во рамките на Деловникот. Ве молам, немојте да се надвикуваме.

Има збор господинот Фаик Абди, само Ве молам држете сешто е тоа, деловничка забелешка, што е? Треба да знаеме за што станувате овде, за што доаѓате.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, мислам дека ме спомна господинот Митко Анастасовски, нема никаква врска да спомне некого дали некого познава. И да Ви кажам господине, ги познавам сите што се предложени/ пријатели ми се, да знаете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте така, еден на друг можете вечно да си довикувате.

Господинот Јордан Бошков има деловничка интервенција.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, Христос воскресна. Јасни сме, не? Навистина, едноставно сакам да Ве потсетам дека Христос воскресна.

Имам забелешка на текот на оваа седница, која се однесува на неуфрлувањето на Предлогот , даден од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, за добивање информација, поточно за добивање прецизни ставови од Владата околу сите состојби кои се надвиснаа и кои се создаваат Околу нашата држава на меѓународен план.

Тоа што, господине претседателе, Вие велите дека со претходните две одлуки Собранието зазело став, за мене е неадекватно, од причина што е сосема децидно кажано во Деловникот, член 98 став 2, дека секој поднесок се третира како Предлог за дневен ред- овој пат ние не го видовме нашиот поднесок да биде уфрлен во дневниот ред. На мое задоволство, беше уфрлено барањето на господинот Тодор Петров, добро, во еден демократски амбиент и отфрлено, наводно демократски и тука протестирам бидејќи претставникот на Владата, за да го каже својот став, искористи многу долг временски период дали го прифаќа или не итниот карактер на тој предлог.

Уште една забелешка за денешната процедура, каде што сме ние сведоци и актери, тоа е изгласувањето пратениците да се лишат од можноста да упатат прашање до Владата.

Дами и господа, Вие можете. да обезбедите не 62-63 гласа за некаков став, можете да обезбедите 100 и кусур гласови, само еден

ако побара да го користи своето легитимно право да постави прашање, тој смее да постави прашање, а не со Ваша волја да се наметнуваат недемократски рамки. Инхерентно право на пратениците и на поединечен пратеник е да вршат контрола на соодветен начин врз работата на Владата. Во изградените демократии не се само пратенички прашања инструмент. Овој пат нив ги отпишавте и со тоа не се согласувам. Тоа е еден печат не демократски и затоа ќе барам оваа одлука, господине претседателе, да ја отповикате и пратеничките прашања сепак да постој ат како составен дел на седницата. На други места пратениците имаат можност и во текот на дебатата да се заземат за прашање, неврзано со она што е во постапка, да заземат некој став, ако мислам дека тоа е битно за таа држава. Ние еве доживуваме вакво изгласување и уште еднаш ќе Ви кажам, оваа одлука треба да биде, во интерес на демократи јата, изменета.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, два пати гласавме за тоа, дури и поединечно. Што сега понатаму ќе одиме.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака.

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

28 пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласање.

7 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот дневен ред.

Преминуваме на **<u>првата точка.</u>**

Пред тоа, господинот Томислав Стојановски бара збор.

III/6.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, откако Собранието одлучи да се усвои дневниот ред, кој го читаше претседателот, без да можам да бидам по прецизно која точка е прва и која последна, освен ова што е за верификација на новоизбраниот пратеник, јас би замолил да се измени редоследот затоа што толкувањето на Законодавно - правната комисија по барање на Владата на Република Македонија е некаде после Законот за попис, да биде како втора точка, од практична примена што стои од мислењето на оваа Комисија и ставот на Собранието дали адвокатите ќе го прекинат штрајкот или ќе останат и понатаму. Ве молам, чисто од практична и нужна работа ова да биде точка два.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, која точка да биде, втора? (да).

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, бидејќи претседателот на Собранието се уште не ни го прочита дневниот ред, јас претпоставувам дека

Го давам на изјаснување Предлогот на господинот Томислав Стојановски.

Кој е за, молам да крене рака?

54 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

4 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

17 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Има збор госпоѓица Доста Димовска, деловничка забелешка.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, бидејќи претседателот на Собранието се уште не ни го прочита дневниот ред, јас претпоставувам дека петата

точка на дневниот ред е Разрешување и именување на генерален директот на Македонската Радио и Телевизија.

Предлагам оваа точка да се симне од дневниот ред, да не се разгледува на денешната седница, затоа што се направени драстични прекршувања на процедурата за утврдување кандидат за генерален директор на Македонската Радио телевизија, исто така и за негово разрешување. Имено, при утврдувањето на кандидатот е прекршен Статутот на Јавното радио-дифузно претпријатие МРТ, кој е донесен 1993 година. Имено, прекршен е член 60, во кој јасно стои дека генералниот директор на Македонската Радио Телевизија го именува и разрешува од должност основачот на МРТ, а тоа е Македонското Собрание, по претходно прибавено мислење од Работничкиот совет на МРТ. Фактички, на денешната седница на Комисијата за избори и именување е разрешен генералниот директор на еден крајно неделовнички начин со притисок од страна на заменикот претседател, без да се дозволи расправа по разрешувањето на досегашниот генерален директор на МРТ, без да добиеме мислење од Советот на Македонската Радио Телевизија, утврден е кандидат, Предлог одлуката е доставена до сите пратеници, а таа Предлог одлука воопшто не е доставена до Советот на МРТ, така што оваа национална куќа која е од интерес на сите граѓани на Република Македонија воопшто не е информирана за оваа Предлог одлука што е утврдена денес на Комисијата за избор и именување.

Истовремено, целата постапка е прескокната, институцијата конкурс не е почитувана, не е претходно распишан конкурс, кандидатите кои би се јавиле на конкурсот и условите кои е неопходно да ги исполнат да бидат прво разгледувани на Советот на МРТ, а потоа да бидат доставени на Комисијата за избор и именување.

Покрај причините што ги наведе господинот Томислав Стефковски и овие причини ценам дека се доволна причина пратениците да гласаат

за симнување на оваа точка од дневниот ред. факт е дека е од интерес на сите политички партии во Република Македонија, исто така и на граѓаните кои се заинтересирани за објективно информирање, ова не е приватна ниту политичка информативна куќа, од заеднички интерес беше да се извршат претходно консултации меѓу позицијата и опозицијата за разрешување и именување на оваа важна функција. Факт е дека такви консултации позицијата прескокна, избегна да ги направи и од тие причини ценам дека е неопходно да се одложи, да се симне од дневен ред оваа точка.

IV/1. -JJ/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пред да продолжиме со работа сакам само да ве потсетам дека дневниот ред е утврден. Господинот Стојановски интервенираше само за редоследот на точките на дневниот ред кој го усвоивме. Ве молам да дообјаснам. Се друго што зборува госпоѓицата Димовска може да го каже кога точката ќе дојде на дневен ред. За се ќе се до- бие одговор.

Има збор госпоѓица Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Претседателе барав збор многу порано кога се утврдуваше дневниот ред, но не знам од кои причини, дали не ме видовте не ми дадовте збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сите што бараа збор добија.

За збор се јавува господинот Спировски.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници јас навистина сум во дилема дали Парламентот првенствено е законодавно тело или политичко.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за сите тие дилеми свикајте си и одржете си конференција за печат а овде кажете зошто сте излегле на говорница.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Дојдов да ви кажам дека во однос на предлогот за избор на судии на Уставниот суд и предлогот за избор на директор на Македонската радио телевизија, предлагам да се поместат како последни точки во

дневниот ред на оваа седница и тоа од следните соображенија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тие се и последни точки и нема потреба од објаснување.

Има збор господинот Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Господа пратеници со оглед на односот кој што се има на предлозите и укажувањата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, со цел да оствариме договор во врска со оваа настаната ситуација, ба- рам

пауза од 30 минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, давам пауза од 30 минути по барање на координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Ве молам после 30 минути да бидете во салата.

(Пауза).

(По паузата седницата продолжи во 16,45 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам и по оваа точка пратеник да зборува само еднаш во траење до седум минути, а координаторите на пратеничките минути во траење до 15 минути.

Молам, кој е за овој предлог да крене рака.

60 пратеници гласаа за.

Дали некој има против? (32 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

IV/3.-

На дневен ред е Предлог за верификација на мандатот на пратеникот на Собранието на Република Македонија Зоре Темелковски.

Извештајот и уверението на Републичката изборна комисија, како и извештајот на Комисијата за мандатно - имунитетни прашања, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот за верификација на мандатот на пратеникот Зоре Темелковски го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

80 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника).

Констатирам дека на пратеникот Зоре Темелковски му е верифициран мандатот.

На пратеникот Зоре Темелковски му пожелувам успешна работа во Собранието на Република Македонија. (Бурен аплауз).

Преминуваме на **<u>втората точка</u>**. Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење од седум минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 10 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

55 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

38 пратеници гласаа против?

Дали некој се воздржува од гласањето?

1 пратеник.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Има збор господинот Флоровски за процедурално прашање.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас се извинувам господо пратеници, очигледно е избројано гласањето, така да се сомневам и барам поддршка од 10 пратеника за да се гласа поименично.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој го поддржува. Еве има кренато 10 за.

Молам да се спроведе поединечно гласање.

IV/5.-

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | за |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | воздржан |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | за |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | против |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | против |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | против |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | против |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | за |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | против |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | против |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | против |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | против |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | против |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | за |
| 22 . РАТКА ДИМИТРОВА | против |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | за |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | не е тука |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | против |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | против |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | за |
| 28. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ | за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | за |

IV/6.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | за |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | не е тука |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | за |
| 38. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | за |
| 39. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | против |
| 40. РИСТО ЈОВАНОВ | против |
| 41. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | против |
| 42. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 43. ТАШКО КИРОВ | против |
| 44. ЗОРАН КИТЕВ | против |
| 45. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | против |
| 46. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | за |
| 47. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | против |
| 48. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | за |
| 49. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | против |
| 50. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | против |
| 51. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | против |
| 52. ЕФТИМ МАНЕВ | против |
| 53. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 54. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | против |
| 55. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | за |
| 56. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | за |
| 57. СТРАШО МИЛКОВСКИ | за |
| 58. ЏАНЧО МИНОВ | за |
| 59. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | воздржан |
| 60. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | против |
| 61. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | за |
| 62. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 63. АВДИ МУРТЕЗАНИ | не е тука |

IV/7.-

| | |
|---|---|
| 64. НАИФ МУСТАФА | за |
| 65. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 66. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 67. СИМОН НАУМОСКИ | за |
| 68. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 69. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | за |
| 71. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | против |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 74. ТОДОР ПЕТРОВ | против |
| 75. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | против |
| 76. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | за |
| 77. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 78. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 79. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | за |
| 80. НИКОЛА ПОПОВСКИ | за |
| 90. ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 82. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 83. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 84. ИВАН РАМБАБОВ | за |
| 85. ШУКРИ РАХИМИ | за |
| 86. ФЕРИД САДИКУ | за |
| 87. НЕИМ СЕЛМАНИ | за |
| 88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | за |
| 89. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 90. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 91. РИСТО СТАНКОВСКИ | за |
| 92. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | против |
| 93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | за |
| 94. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 95. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | за |
| 96, ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 97. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | против |
| 98. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 99. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |

о

| | |
|---|---|
| 100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 101. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | против |
| 102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | против |
| 103. БЛАГОЈ ТОШЕВ | против |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | против |
| 108. АГИМ ФАЗЛИУ | за |
| 109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | против |
| 110. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | за |
| 111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | за |
| 112. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 113. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | за |
| 115. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 116. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 117. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 118. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | за |
| 119. ХИСНИ ШАКИРИ | воздржан |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 103 пратеници. За гласале 65, воздржани 2, против 36.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на **точка 2.**

Толкување на членот 18 од Законот за данокот на промет на производи и услуги,("Службен весник на РМ" број 34/92) и на членот 31 од Законот за персоналниот данок од доход ("Службен весник на РМ" број 80/93). Предлогот на автентичното толкување ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, по прекинот на работата од страна на адвокатите во Македонија дојде до поставување на одредени барања пред Владата на Република Македонија, а тие барања беа дали одредбите од членот 18 од Законот за данок на промет на производи и услуги и членот 31 од Законот за персоналниот данок се однесува за обврска на адвокатите.

Владата на повеќе наврати не можеше да најде решение и на ЗПК достави едно барање за автентично толкување. Откако Комисијата го прими ова барање и во присуство на претставникот на Владата во лицето на господин министер за правосудство и управа Туше Гошев го даде ставот и мислењето дека навистина овие одредби не се однесуваат да ги опфатат адвокатите со такво задолжение.

Посебно беше укажано и на фактот дека данокот на промет на производи и услуги точно таксативно се набројува кој ќе плаќа и дојде во судир Законот и тарифата. Во тој случај Комисијата најде дека тарифата

не може да дојде во колизија со основниот закон. Основното решение е во член 18 каде таксативно е набројано кој е се опфатен со данокот на промет. Мислењето на Комисијата е дека ова не ги опфаќа адвокатите.

Вториот дел е за плаќање на персоналниот данок. Комисијата најде дека адвокатите се должни да плаќаат персонален данок и по толкувањето на членот 18 утврди дека може и треба адвокатите паушално да се оданочуваат со данок на промет во смисла на став 2, алинеја 3 од споменатиот закон.

Според тоа го предлагам ова толкување да го прифати Собранието и понатаму двата закони така да се применуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Што се однесува до предлогот на ЗПК за автентично толкување на членот 18 од Законот за данок на промет на производи и услуги, лично сметам дека проширувањето и автентично толкување треба да се однесува на следното:

Данокот на промет на услуги не се плаќа за сите услуги кои не се утврдени во членот 18. Ова што Владата го префрла проблемот или прашањето на наплатата на данокот на промет на услуги конкретно за адвокатските услуги е "игра без граници" за да го стави во една незавидна ситуација Парламентот дека не знае што самиот усвојува и донесува од сферата на законодавната дејност. Сите збрки во поглед на примената на тарифниот број 1 од данокот на услуги и членот 18 каде таксативно се утврдени услугите на кои се врши плаќање данок на промет ги направи Владата. Донесе едно Упатство кое не проциркулира

официјално објавено во "Службен весник на Република Македонија" наметна наплата на данок на сите услуги затоа што така гласи тарифниот број 1 од данокот на услуги кога дојдоа под удар сите лица кои вршат било каква услуга за кои Владата си најде за сходно или ресорното министерство да ги наведува без да ги објави во Службен весник дојде до проблем први да скокнат адвокатите во позиција се да организираат да наметната такво темпо и диктат врз овој Парламент и Владата, да се изјасни Парламентот дека не произлегува обврска за плаќање данок на промет за услуги за адвокатските услуги, Меѓутоа, не станува збор само за адвокатските услуги, станува збор за сите услуги кои не се наведени во членот 18, а за кои Владата, пред се од производно- услужното занаетчиство сама си утврдува толкување во примената на тарифниот број 1 и на сите даночни обврзници им го воведе по истата аналогија како и за адвокатите, наплатата на данок на промет на услуги. Во таа смисла јас го предложив по итна постапка Предлогот за изменување и дополнување на Законот за данок на промет на производи и услуги што овој Парламент на 74-та седница не го прифати. Меѓутоа, за мене е иронија што Владата сама создаде збрки, топката ја префрла на Парламентот за да сега Парламентот даде автентично толкување дека навистина тарифниот број 1 се однесува само за услугите утврдени во членот 18 од Законот за данок на промет на производи и услуги, а не за сите услуги, како што е дефиниран. Министерството само ја увиде таа грешка, меѓутоа, не сакаше да прознае пред јавноста и овој Парламент со образложение дека тоа ќе го направи со дополнително изменување на сите закони од даночната сфера по некое дополнително согледување без разлика какви се негативните ефекти и последици по даночните обврзници.

Во таа смисла независно од барањето на адвокатите или од барањето на Владата овој Парламент да се изјасни по барањето на адвокатите, Парламентот не носи закон за одредена структура или групација на луѓе, го носи за сите граѓани, сите даночни обврзници, сметам дека автентичното толкување за да повторно не дојдеме во иста ситуација некој друг да плаќа кој ќе побара повторно автентично толкување, автентичното толкување што ќе го даде Собранието да гласи дека тарифниот број 1 од данокот на услуги се однесува само за услугите утврдени во членот 18 од Законот за данок на промет на производи и услуги. На тој начин генерално ќе се реши прашањето за очигледно направената колизија меѓу тарифниот број 1 и членот 18.

Предлагам Собранието да го прифати во поглед на автентичното толкување членот 18 од Законот за данок на промет на производи и услуги и овој мој предлог. Благодарам на вниманието.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во врска со автентичното толкување на овој закон што произлезе од Законодавно - правната комисија како предлог за ова Собрание што треба да го усвои, би кажал уште на почетокот свое мислење.

Прво, ценам дека нема потреба од такво толкување, бидејќи кога го носевме законот мислам дека законот е сосема доволно јасен и нема потреба од толкување, таму е јасно прецизирано што подлежи на даночно оданочување.

Би сакал да ве потсетам кога го носевме законот имаше Интенции одредени групи да бидат ослободени од плаќање на персонален данок и други обврски. Ако се сеќавате имаше амандман за некои други

структури, меѓутоа, ова Собрание тоа го отфрли со една единствен цел дека сите треба да бидат даночни обврзници. Имаше мислење, барем така беше дискусијата, дека само кај оние занаети кои се во изумирање кај нив би се плаќало паушален данок и евентуално таму каде што со определена дејност се бават инвалидизирани лица, што сметам дека е во ред. За сето друго беше дискусијата дека подлежат на персонален данок и тоа со права вредност.

Со автентичното толкување што денеска ми е доставено од Комисијата практично што се предлага? Адвокатите како прво да не плаќаат данок на услуга. Не знам по кој резон, иако мислам дека сите се обврзници да плаќаат данок на услуга.

Второ, персонален данок да плаќаат во паушален износ. Ве молам, тоа од прилика значи дека даночната обврска на еден адвокат би била практично на ниво на даночната обврска што ја има по основ на примањата една чистачка во било која фирма. Дали е во ред сами проценете. Знаеме која структура се адвокатите, какви приходи остваруваат и сега би требало да бидат уште под систем на паушал каде стои во толкувањето дека нивниот паушален износ не смее да биде поголем од просечниот личен доход. Значи тоа би било максималното што можат да го плаќаат.

Трето, бидејќи се по основ на паушал, тоа значи дека се ослободени и од данок на добивка. Дали е во ред, јас мислам дека тогаш кога го носевме законот не размислувавме вака. Затоа ценам дека во Законот јасно е назначено кои имаат можност да бидат ослободени или да плаќаат персонален данок во паушал, па заради тоа нема потреба, по мене лично, од ова автентично толкување. Затоа го молам Парламентот ова мое мислење да не се прифати ова толкување од ЗПК.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Господа пратеници, мислам дека и двата прописи кои ние ги донесовме пред Нова Година се сосема јасни и прецизни во оваа област која што ги третира даночните обврски кај адвокатите. Поради тоа сметам дека не е правилно истолкуван и Законот за данок на промет на производи и услуги и персоналниот данок од доход. Еве конкретно зошто така мислам.

Толкувањето на ЗПК, некогаш треба и искрено да си признаеме можеби е малку исфорсирано и под притисок на штајкувачите од страна на адвокатската комора, сме имале доста штрајкови, сме имале штајкови кои биле закажувани и во моменти кога овде сме држеле Со- брание, тие штрајкови биле пред вратите на Собранието, полно пати под тие притисоци сме успеале на некој начин да излеземе и да не потклекнеме под притисоците и во одредени случаеви да останеме на оние законски решенија кои самите сме ги донеле.

По мене ваквото толкување на овие два закони фактички значи рушење на даночниот систем во овие два сегменти и тоа рушење од тие што фактички ги донеле тие два закони. Конкретно ќе зборувам за Законот од персоналниот данок. Одредбата е навистина јасна и прецизна во законот. Таа одредба гласи вака: Данок во паушелен износ плаќа обврзникот кој.

1. Дејноста ја врши без деловна просторија. Кажете ми еден адвокат што врши услуга без деловна просторија.

Освен превозниците со моторни возила и лица кои вршат градежни работи. Тоа е едниот услов за да се биде паушалист во делот на плаќањето на персоналниот данок.

Има уште два услови, врши услуги претежно со употреба на сопствена работна сила на која токму оваа алинеја се потпира и толкувањето на ЗПК, го земаат како основно и носечко за да истолкуваат дека адвокатите навистина употребуваат претежно сопствена работна сила и дека треба данокот да го плаќаат во паушален износ.

Имаме уште една обврзувачка алинеја која може да ги сврста обврзниците во паушален износ и тоа е да се инвалиди со најмногу 50% инвалидитет под услов сами да ја вршат дејноста.

Тоа се тие три услови кои треба на некој начин да постојат за да може да се утврди паушалното плаќање на данок. Ако го прифатиме толкувањето од страна на ЗПК и ги утврдиме адвокатите како обврзници кои данокот ќе го плаќаат во паушален износ, тогаш ние ќеги изедначиме со кондураџиите, берберите, казанџиите, со сите оние занаети кои се во изумирање, а на ниво на одредени општини се прават одредени напори да се задржат.

Со самото утврдување на адвокатите во обврзници кои ќе го плаќаат паушалниот данок ние ќе утврдиме дека тие ќе плаќаат само паушал до висината на просечната нето плата остварена во Републиката,не повеќе. Значи, тие ќе плаќаат по стапка од најниска стап-ка по стапка од 23%.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате уште една минута.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Исто така сакам да укажам и на тоа дека утврдувајќи ги адвокатите во обврзници кои паушално ќе го плаќаат данокот тие, нема да водат работни книги,нема да поднесуваат периодични пресметки, нема да поднесуваат завршни сметки, нема да им се утврдува финансискиот

резултат, па врз база на тоа нема да плаќаат данок од добивка.

Кога ги донесувавме сите закони од даночниот концепт, утврдивме дека на еднакво утврден приход сите ќе плаќаат под еднакви стапки утврдени со Законот за персонален данок,со Законот за добивка и со ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓа Стојанова ви истече времето.

Имаме ограничување до седум минути.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Добро, благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам.

Дали уште некој бара збор? Има збор господинот Тошев.

VI/1 сј/вц

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Јас мислам дека ние не го разбравме изнесувањето на господинот Петров. Ние го почитуваме законот за промет на услуги, но постапката што ја донесе упатството, Министерството за финансии за нас, во овој Парламент не е закон. Треба да се разбереме дека упатството не е закон, она што излезе во Службен весник е за нас, закон. Зошто го велам ова. Вие ако одите кај некој кондураџија кој што има жиро сметка и дневниот промет го внесува во СОК мора да плати 10% данок на промет на услуга, плус персонален данок. Според тоа тие го плаќаат од причини што на основа на упатството на Министерството за финансии , а за нас како пратеници, упатството не е закон. Законот е тој што го донесовме ние тука законот за промет на стоки и услуги.

Според, тоа треба да расчлениме една работа бидејќи ние навистина одиме во една друга крајност. Меѓу упатство и закон, ние упатство тука немаме изгласано, имаме изгласано закон, а со законот се ослободени одредените занаетчии од плаќаше на данок на промет на услуга. Моментално тие го плаќаат тој данок и мора да го плаќаат, бидејќи истовремено мора да платат 2% камата на неплатените износи. Тоа е правата вистина. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор (не)

Има збор министерот за финансии Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, вистината е тоа дека Владата беше соочена со последиците од штрајкот на адвокатите и принудена да бара автентично толкување на овие одредби на законот. Последиците по

државата вас на сите ви се познати и мораме овие дилеми да ги расчистиме. Меѓутоа, јас молам, кога се разгледува предлогот на ЗПК да не се мешаат двата члена на законот. Посебно да се третира првиот, а членот 31 посебно. Инаку упатството што се спомнува такво упатство официјално не постои, затоа не е и во Службен весник, туку работен допис до подрачните единици од министерството, меѓутоа некој од обврзниците можел да ја добие не е тоа тешко. Според тоа, не е тоа специјално упатство што се објавува во Службен весник.

Додека е присутна дилемата кај членот 18 затоа што во законот се наведени таксативно услугите на кои се плаќа данок, а потоа наведени се во друг член услугите за кои не се плаќа, логично е дека збирот на овие услуги да ги дава сите услуги. Меѓутоа ние како Владата, министерство, сметавме дека ова треба да се прецизира во Законот, овој член.

Членот 31 апсолутно нема дилеми. Ние како Влада бевме принудени и за тоа да бараме дилеми, меѓутоа за нас тука како Влада и како Министерство за финансии дилеми немал. Доколку таквото мислење се прифати за членот 31 последиците би биле многукратни многу други даночни обврзници што нити духот ниту словото на законот нити овој Парламент тоа сака.

Ве молам како ресорно министерство кој го спроведува овој закон што се однесува до толкувањето на членот 31 од ЗПК да не се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на автентичното толкуваше.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот по автентичното толкување го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Пред да се изврши гласањето господинот Гештаковски сака да даде некоја напомена.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

И во името на ЗПК и на министерот што бараше мислам дека Собранието треба да се изјаснува посебно за член 18, посебно за член 31 како би добиле правен континуитет односно застапеност на двата члена во однос на толкувањето бидејќи претставуваат посебни целини од посебни закони.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи Предлогот на ЗПК е поединечно да се дадат на изјаснување. Така? Добро.

Го ставам на гласање предлогот на автентичното толкување на членот 18 од Законот за данокот на промет на производи и услуги Службен весник на РМ бр.34/92.

Кој е за, молам да крене рака?

За, гласаа 64 пратеници.

Дали има некој против. (5)

Дали некој се воздржува од гласање? (10)

Според тоа, констатирам дека предлогот на автентичното толкување на членот 18 од Законот за данок на промет на производи и услуги Службен весник на РМ бр.34/92 е усвоен.

Го ставам на гласање предлогот на автентично толкување на членот 31 од Законот за персоналниот данок од доход "Службен весник на РМ бр. 80/93 година.

Кој е за, молам да крене рака? (38)

Дали има некој против? (36)

Кој се воздржува од гласање? (9)

Констатирам дека овој предлог не е усвоен. Господин Стојановски бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не би реагирал овде ако резултатот према збирот не беше толку близу. (реакција на некои од пратениците во салата) господине Душане тоа е ваш проблем. '

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте да упаѓате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас досега овој број сум го проверил 5-6 пати и секогаш бил погрешен. Ако ме поддржат 10 пратеници бидејќи се сомневам во броењето добро. Ако не, не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, има 10 пратеници кои го поддржуваат.

Молам да се спроведе поединечно гласање. И

ма збор Живко Тодоровски кој ќе го спроведе гласањето.

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ**: (прилог)

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | воздржан |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | против |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | воздржан |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | против |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | против |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | за |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | за |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | за |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12  БРАНКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АПЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | воздржан |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | за |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | воздржан |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | не е тука |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | против |
| 28. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ | воздржан |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | не е тука |

2.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | воздржан |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | не е тука |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | не е тука |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 38. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | против |
| 39. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | за |
| 40. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 41. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 42. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 43. ТАШКО КИРОВ | за |
| 44. ЗОРАН КИТЕВ | за |
| 45. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 46. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | против |
| 47. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | за |
| 48. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 49. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | за |
| 50. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 51. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 52. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 53. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | против |
| 54. ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА | за |
| 55. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 56. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 57. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 58. ПАНЧО МИНОВ | против |
| 59. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | воздржан |
| 60. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 61. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 62. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | воздржан |
| 63. АВДИ МУРТЕЗАНИ | не е тука |

3.-

| | |
|---|---|
| 64. НАИФ МУСТАФА | против |
| 65. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 66. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | воздржан |
| 67. СИМОН НАУМОСКИ | воздржан |
| 68. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 69. ЈОВАН НИКОЛОВ | против |
| 70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 71. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | воздржан |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 74. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 75. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | за |
| 76. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | за |
| 77. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 78. КИРО ПОПОВСКИ | не е тука |
| 79. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 80. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 81. ШАБАН ПРЕВАЛА | против |
| 82. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 83. ИСМЕТ РАМАДАНИ | воздржан |
| 84. ИВАН РАМБАБОВ | против |
| 85. ШУКРИ РАХИМИ | воздржан |
| 86. ФЕРИД САДИКУ | за |
| 87. НЕИМ СЕЛМАНИ | за |
| 88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | против |
| 89. АЦО СПИРОВСКИ | за |
| 90. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 91. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 92. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | против |
| 94. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 95. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | против |
| 96. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 97. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 98. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 99. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |

4.-

| | |
|---|---|
| 100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | против, |
| 101. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | за |
| 106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | воздржан |
| 107. ДУШАН ТРНЧЕВСКИ | за |
| 108. АГИМ ФАЗЛИУ | против |
| 109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| 110. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | против |
| 111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | против |
| 112. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 113. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | против |
| 115. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 116. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 117. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 118. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | воздржан |
| 119. ХИСНИ ШАКИРИ | за |

**СТОЈАН АНДОВ:**

94 пратеници гласале.

45 пратеници се за,

33 пратеници се против,

16 се воздржале,

Според тоа, констатирам дека овој предлог не е усвоен.

Ве молам, утре во 10,00 часот продолжуваме со работа.

(седницата прекина со работа во 17,50 часот).